# ДОКУМЕНТ ЗА ЛОКАЛНИ ПОЛИТИКИ ЗА ПОДОБРУВАЊЕ НА УСЛОВИТЕ ЗА ДОМУВАЊЕ НА РОМИТЕ ВО ОПШТИНА

# ПРИЛЕП



Проектот е финансиран од Европската Унија

Декември, 2019

Издавач:
**НАЦИОНАЛЕН РОМСКИ ЦЕНТАР**
Ул „Доне Божинов“ 11/5,
1300 Куманово, Македонија
Тел: +389 31 427 558
E-mail: info@nationalromacentrum.org
Website: www.nationalromacentrum.org

Автор: Девелопмент солушнс ДООЕЛ-ДЕСО
Дизајн на корица и компјутерска подготовка: Зоран Величковски

Овој документ е подготвен во рамките на проектот „Поддршка за легализација на ромско домување“, имплементиран од страна на Национален Ромски Центар (НРЦ) од Куманово во партнерство со Симбиозис 12 од Куманово и ОРМ Бела Кула од Кичево, финансиран со поддршка на Европската Унија.

“Оваа публикација е изготвена со помош на Европската Унија. Содржината на публикацијата е единствена одговорност на Здружението Национален ромски центар (НРЦ) Куманово и партнерските организации Здружение Симбиозис 12 Куманово и Здружение ОРМ Бела Кула Кичево и на никаков начин не може да се смета дека ги одразува гледиштата на Европската Унија”

# СОДРЖИНА

Вовед . . . . . . . . . . 4

Методологија . . . . . . . . . . 5

Преглед на постоечки документи и податоци . . . . . . . . . . 5

Интервјуа со експерти и релевантни чинители . . . . . . . . . . 5

Интервјуа со жители од ромските заедници кои се фокус на истражувањето . . . . . . . . . . 6

Теренско набљудување на ромските заедници кои се фикус на истражувањето . . . . . . . . . . 6

Преглед на постоечки документи и податоци . . . . . . . . . . 7

Информации добиени од интервјуа со експерти и релевантни чинители . . . . . . . . . . 9

Информации добиени од интервјуа со жители од ромските заедници кои се фокус на истражувањето . . . 11

Теренско набљудување на ромските заедници кои се фокус на истражувањето . . . . . . . . . . 12

Заклучок . . . . . . . . . . 13

Препораки . . . . . . . . . . 14

Користени извори . . . . . . . . . . 15

# ВОВЕД

Домувањето е едно од најважните животни прашања кај секој поединец. Степенот и квалитетот на домувањето се силно поврзани со другите аспекти на животот, па оттука пристапот до решавањето на прашањето за соодветно домување е од круцијално значење. Квалитетот на животот воопшто, зависи од условите во кои живее лицето. Лошите услови за живеење индиректно носат проблеми од социолошка, економска, психилошка природа, со кои директно се соочува човекот. Обратно, обезбеденото прашање за домување во барем, основни услови, остава простор за напредок и развој на индивидуата на секое поле.

Ромите во нашата држава најчесто се населени во периферните делови на градските населби. Кога се во прашање условите во кои живее ромската заедница во Македонија, тие во голем дел се под стандардите за основно домување. Често немаат пристап до основни услови за живот, а на голем дел од нив живеалиштата им се изградени од лош квалитет. Некои делови од населбите со ромско население сеуште немаат квалитетна вода за пиење или електрична енергија.

При процесот на легализација на домовите, Ромите имаат реална потреба за помош во текот на цела таа постапка. Најголем проблем е можеби високото ниво на неписменост, како посебно истакнат проблем за ромското население. Ова доведува до недоволна информираност, а не така ретко последиците од неинформираноста можат да бидат трајни, со губење на нивните права доколку не се пре земат чекори во предвидените рокови. Уште еден од позначајните фактори што ги спречува Ромите на патот кон легализиран дом, е фактот дека често, иако се запознаени со условите и можностите кои се нудат, тие не се во финансиска можност да започнат постапка за легализација. Поради овие, но и низа други причини, на Ромите им е потребна постојана правна поддршка во сите фази на постапката.

Целта на изготвувањето на еден ваков документ за локални политики, во кој од една страна се анализираат досегашните изготвени стратегии и останати документи, како и степенот на нивното имплементирање, а од друга страна - реалната состојба во која се наоѓа ромското население кога е во прашање домувањето, е да се даде дополнителен придонес во напорите за подобрување на правата на Ромите поврзани со легализација на ромските домови и урбанизација на ромските населби. Документот има за цел да обезбеди основа за развој на ефективни локални регулативи и иницијативи што ќе влијаат на подобрувањето на условите за домување.

# МЕТОДОЛОГИЈА

За изготвување на овој документ за локални политики, кој во иднина би бил од големо значење за подобрување на условите за домување на Ромите во Општина Прилеп, извршена е анализа преку прибирање на примарни и секундарни податоци и информации. Примарните податоци се добиени преку интервјуа со официјални претставници на Општина Прилеп од сектор за урбанизам, комунални работи и заштита на животната средина, како и интервјуа со жители од ромските заедници кои се фокус на истражувањето. Секундарните податоци пак, се базирани на анализа на националните акциски планови и стратешки документи, како и од други објавени публикации, мислења и анализи.

Податоците кои беа предмет на анализа, се добиени преку следните методи:

- **Преглед на постоечки документи и податоци (пр. планови, стратегии, анализи, извештаи, итн.)**
- **Интервјуа со експерти и релевантни чинители (пр. експерти од областа, претставници на општините, итн.)**
- **Интервјуа со жители од Ромските заедници кои се фокус на истражувањето.**
- **Теренско набљудување во Ромските заедници кои се фокус на истражувањето.**

## ПРЕГЛЕД НА ПОСТОЕЧКИ ДОКУМЕНТИ И ПОДАТОЦИ

Првата фаза од истражувањето опфати анализа на документацијата во писмен, фотографски и електронски формат. Целта беше најнапред да се обезбедат основни информации за реалната состојба на Ромите кога е во прашање домувањето и легализацијата на домовите.

Предмет на преглед беа официјалните документи од институциите, податоците обезбедени со слободен пристап до информации од јавен карактер, анализите на политики за легализација и урбанизација и нивна имплементација, како и извештаите од специјализирани агенции и организации, и слично. Кога е во прашање овој метод, тој има своевидно ограничување во однос на тоа дека истиот е изготвен исклучиво врздокументацијата која е достапна во јавноста, како и според начинот на кој таа документација е презентирана и каков е нејзиниот квалитет.




Фотографија: Ирсан Јашаровски

## ИНТЕРВЈУА СО ЕКСПЕРТИ И РЕЛЕВАНТНИ ЧИНИТЕЛИ

Целта на оваа фаза од методологијата беше да се соберат релевантни податоци преку интервјуа кои се спроведени со експерти и релеванти чинители.

Лицата кои беа интервјуирани се експерти во областа, со длабоко познавање на условите за домување на Ромите во државата и поддршка на ромските семејства во процесот на легализација на нивните домови.

Со официјалните претставници на Општина Прилеп беше разговарано околу состојбата на ромските населби во општина Прилеп, со посебен акцент на домувањето и самиот процес на легализација.

Интервјуата се водеа според структурирани прашања од отворен тип, на начин што од експертите се бараа детални одговори, со цел да се овозможи слобода на интервјуираниот во изразувањето на своите ставови, без притоа да се понудат можни одговори на поставените прашања.

## ИНТЕРВЈУА СО ЖИТЕЛИ ОД РОМСКИТЕ ЗАЕДНИЦИ КОИ СЕ ФОКУС НА ИСТРАЖУВАЊЕТО

Целта на оваа, претпоследнафаза од истражувањето беше прибирање на конкретни информации од страна на засегнатите жители во проблематиката.

Со овој метод беше предвидено да се соберат информации од прва рака, преку серија клучни прашања за темата, но истовремено и преку оставање доволно простор за нови прашања кои произлегоа како резултат на дискусијата.

Интервјуата беа отворени (но, со одредени насоки зададени однапред), со што тие се корисни за проценка на мислења и релевантноста на информациите.

За да биде овој метод успешен, најнапред треба да се дефинира целта и да се утврди кои информации се потребни, како и да се направи листа за потребните работи. Прашањата беа поставени на начин што интервјуираните имаа можност преку дискусија да ги изразат своите ставови.

## ТЕРЕНСКО НАБЉУДУВАЊЕ НА РОМСКИТЕ ЗАЕДНИЦИ КОИ СЕ ФОКУС НА ИСТРАЖУВАЊЕТО

Финалната фаза од собирање на податоци опфати теренско набљудување на ромските заедници во општина Прилеп.  Целта на теренското набљудување беше да се изврши идентификација на проблемите со кои се соочуваат засегнатите жители преку мониторинг и проценка на актуелната состојба на заедниците.



# ПРЕГЛЕД НА ПОСТОЕЧКИ ДОКУМЕНТИ И ПОДАТОЦИ

Споредстатистичките податоци од 2002 година, процентуално, Ромите во општина Прилепсе застапени со 6% од вкупната популација која изнесува 76.768 жители.[1] По општина Шуто Оризари, Прилеп е втора општина со најголема застапеност на ромско население.[2] Најголем процент од ромскитеграѓани во општина Прилепе концентриран во населбата „Тризла“.

Во јануари 2005 година е усвоена Националната Стратегија за Роми и развиени се четири Национални Акциони Планови за вработување, домување, здравство и образование. Заедно со Декадата за Роми 2005 – 2015 претставуваат први национални политички документи од овој карактер во државата чија цел е подобрување на условите на Ромите. Со оглед на важноста на областа што ја опфаќа, Стратегијата доби и втора верзија која е моментално важечка, а се надоврзува на претходните заложби.[3] Сепак, меѓународните извештаи за напредокот во процесот на интеграција и инклузија на Ромите во земјава покажуваат дека напорите остануваат недоволни на ова поле. Имено, последниот извештај на Европската Комисија за напредокот на земјата нагласува дена „имплементацијата на Стратегијата за Ромите (2014–2020) и соодветните акциски планови во домените образование, домување, род и здравство е постепена и останува уште многу да се направи. Владата покажува посветеност, но недостигот на мониторинг на средства за овие цели, како и слабата апсорпција на постоечки средства останува проблем“.[4]

Голем број на меѓународни документи и конвенции го истакнуваат значењето на домувањето. Притоа, Универзалната декларација за човекови права, потенцира дека “секој има право на животен стандард соодветен за добра здравствена и целосна благосостојба за себе и своето семејство, вклучувајќи храна, облека, домување и здравствена заштита, како и неопходни социјални услуги и право на безбедност во случај на невработеност, болест, инвалидитет, загуба на брачниот другар, старост или друг вид на недостаток на секојдневното живеење кои се вон нејзина/негова контрола”.[5]

Домувањето, како една од најважните проблематики на поединецот во општеството, во нашата законска рамка е регулирано со неколку закони:

- **Закон за домување[6];**
- **Закон за постапување со бесправно изградени објекти[7]; и**
- **Закон за субвенционирање на станбен кредит[8].**

---

1 Демографија – Општина Прилеп, 2002, достапна на https://www.prilep.gov.mk/opshti-informatsii/demografija/natsionalna-pripadnost/
2 Државен Завод за Статистика, Попис на населението, достапен на http://www.stat.gov.mk/Publikacii/knigaXIII.pdf
3 Стратегија за Роми 2014 - 2020, Министерство за Труд и Социјална Политика, достапна на http://www.mtsp.gov.mk/content/pdf/strategii/Strategija%20za%20Romite%20vo%20RM%202014-2020.pdf
4 European Commission, Nοrth Macedonia 2019 Report, 2019, достапен на: https://ec.europa.eu/neighbourhood-enlargement/sites/near/files/20190529-north-macedonia-report.pdf
5 Член 25 (1),Универзална декларација за човекови права, ООН 1948 година (Universal Declaration of Human Rights, UN 1948
6 Закон за домување, 2012, достапен нahttp://www.rkd.gov.mk/sites/default/files/PTV_Zakon_za_domuvanje_38_21032012.pdf
7 Закон за постапување со бесправно изградени објекти, 2011, достапен нahttps://cutt.ly/ge2F65t
8 Закон за субвенционирање на станбен кредит, 2019, достапен на https://cutt.ly/me2ZqMn

Притоа, под минимално домување се подразбира „задоволување на минимални просторни услови, опременост на станот со основна комунална инфраструктура како што се струја, вода и одвод и сообраќајна поврзаност на станот со населбата, односно градот, како и правната сигурност на поседување или користење на станот“.[9]

Анализирајќи ги останатите документи посветени на состојбата се која се наоѓа ромското население во општина Прилеп пред се кога е во прашање домувањето, наидовме на податоци од спроведена анкета на засегнатите жители од страна на здружението Хабитат. Притоа, како што е наведено „најпроблематични простории за граѓаните во овие маала се тоалетите, бањите и кујните. Според добиените податоци, 45 % имаат тоалети во својата куќа, на 49 % клозетот им се наоѓа во дворот, а 6 % од анкетираните одговориле дека немаат свој тоалет. Што се однесува до бањите, 60 % имаат бања во сопствената куќа, 17 % имаат надвор од куќата, а 23 % немаат бања. Кујната на 44 % од анкетираните им е заедно со дневната соба, на 26 % им епосебна просторија, а кујна немаат 30 % од испитаниците.“[10]

Иако домувањето на Ромите е определено како еден од приоритетите на нашата држава опфатени во Декадата на Ромите и изготвени национални акциски планови за домување, сепак целите кои се поставени во истите не се постигнати. Акциониот план на Декадата за домување е критикуван поради нејасните мерки, немање механизми за финансирање, бавност во реализација на активностите и нејасно делегирана одговорност за реализација на секоја активност[11]. Документите на надлежните органи задолжени за спроведување на Национална Стратегија за Роми во Македонија повеќе се фокусирани на објавување извештаи за постигнатите резултати и алатки со кои би требало да се подобри ситуацијата во иднина.Она што недостасува е јасно дефиниран механизам за евалуација и мониторинг на Националната Стратегија за Роми.[12]

9 Закон за домување, 2012, достапен на http://www.rkd.gov.mk/sites/default/files/PTV_Zakon_za_domuvanje_38_21032012.pdf
10 Почетна студија за домувањето на Ромите во Општина Прилеп, Хабитат, 2017, достапна на http://www.habitat.org.mk/doc/studii/PRILEP_mak_Final.pdf
11 Министерство за труд и социјална политика, Одделение за техничка поддршка
12 Иднината на Националната Стратегија за Роми, Проект: “Мрежа на ромски граѓански организации одговор на ромската заедница”, 2014, достапна на https://mbr-ds.gov.mk/sites/default/files/analizi/18.Policy-Briefs.mk.pdf

# ИНФОРМАЦИИ ДОБИЕНИ ОД ИНТЕРВЈУА СО ЕКСПЕРТИ И РЕЛЕВАНТНИ ЧИНИТЕЛИ



Фотографија: Ирсан Јашаровски

Преставниците на Општина Прилеп истакнаа дека населбата Тризла, каде што живее речиси целото ромското население во овој град, е опфатена во урбанистичките планови изготвени од страна на Општината.

Во 2015 година е усвоен најновиот Генерален урбанистички план за град Прилеп, којшто моментално е важечки и го опфаќа периодот 2013–2023 година. Кога станува збор за генералниот урбанистички план, најголем дел од ромските маала се опфатени со него. За оваа локација има изготвено три детално урбанистички планови, со кои се опфатени околу 50% од вкупната територија каде што живее ромската популација.[13]

Кога се во прашање условите за домување на ромската заедица во Прилеп, интервјуираните експерти од Општината наведоа дека дел од улиците во населбата Тузла се асфалтирани. Кај најголем процент од оние што не се асфалтирани, како причина за тоа се јавува немањето на пристап со механизацијата до тие делови, пред се поради стрмноста на локацијата, како и премногу тесните улици по кои не е возможен сообраќај.[14]

Претставниците на Општината истакнаа дека од 2011-та година досега имаат добиено околу 20 000 барања за легализација на бесправно изградени објекти. Исто така истакнаа дека не вршат селекција според национална припадност на граѓаните, па оттука не можеа да не информираат за број на поднесени барања за легализација од страна на ромски граѓани.

Како најголем проблем со кој конкретно ромското население се соочува во постапката за легализација го посочија обезбедувањето на документацијата. Според интервјуираните експерти, Ромите се запознаени со можноста за легализирање на нивните домови по минимален износ, но нејасен им е целиот тој процес. Како што потенцираа тие, голем процент од ромското население не зне каде да се обрати, какви документи конкретно треба да приложат и слично. Дури и откако ќе добијат помош за пополнување и обезбедување на документацијата, не знаат кои документи ги поднеле и до која фаза им е постапката.[15]

13 Информации добиени од интервјуата со официјални претставници на Општина Прилеп
14 Информации добиени од интервјуата со официјални претставници на Општина Прилеп
15 Информации добиени од интервјуата со официјални претставници на Општина Прилеп

Друг проблем со кој се соочуваат сите подносители на барањата за легализација, а не само за ромското население, е бавноста на постапката. Претставници на Општината потенцираа дека поднесените барања од страна на граѓаните во рок од две недели се спроведуваат до Агенција за катастар на недвижностиза да се заврши следната фаза од постапката, но оттаму предметите понекогаш се враќаат во Општината дури после две години.

Трет, но не и помалку важен проблем кој ги успорува постапките, според интервјуираните експерти, е фактот што голем дел од ромските жители не можат да ги најдат на адресата наведена на личните карти. Имено, при поднесување на барањата, граѓаните, заедно со документацијата приложуваат и свои податоци. Доколку во подоцнежна фаза од постапката се потребни дополнителни документи или документацијата која ја доставиле не е комплетна, вработени од Општината ги информираат граѓаните за тоа кои документи треба да се обезбедат дополнително. Проблем кај голем дел од постапките на ромските жители настанува тука, кога вработените не можат да ги информираат подносителите или за тоа им е потребно повеќе време од планираното. Кај дел од постапките, телефонскиот број запишан од подносителот е недостапен или не постои. Често и адресата на живеење наведена во личната карта на подносителот не е онаа вистинската каде истиот живее. Во вакви случаи вработените во Општината се трудат преку посредништво на други граѓани да ги најдат и контактираат подносителите, што секако одзема време и ја забавува постапката.[16]

Како што претходно споменавме, степенот на образование е тесно поврзано со сите аспекти на живеење на секој граѓанин. Образованието е еден од најважните елементи во синџирот од фактори на кои влијаат за квалитетот и текот на животот на секој поединец. Без соодветно и барем минимално образование, поединецот не е во состојба да влијае врз останатите области од својотживот.

Претставниците од Општината истакнаа дека досега немало рушење на дивоградби, освен некои објекти кои биле склони кон паѓање, па Општината во тие случаи морала да интервенира.

16 Информации добиени од интервјуата со официјални претставници на Општина Прилеп

# ИНФОРМАЦИИ ДОБИЕНИ ОД ИНТЕРВЈУА СО ЖИТЕЛИ ОД РОМСКИТЕ ЗАЕДНИЦИ КОИ СЕ ФОКУС НА ИСТРАЖУВАЊЕТО

Низ разговорите спроведени со засегнатите жители од општина Прилеп, може да се заклучи дека граѓаните се револтирани од мизерните услови за живот и домување со кои се соочуваат секојдневно.

Жителите од заедницата Три Багреми потенцираа дека немаат ни основни услови за живот, немаат приклучок до електрична енергија, како ни снабдување со водовод. Соговорниците посочија дека улиците се неасфалтирани, а за време на зимскиот период се кални и тешко проодни. Исто така наведоа дека на голем дел од нив не е можен сообраќај бидејќи се тесни.

Интервјуираните со локации на домување во другите маала во склоп на населбата Тризла пак го истакнаа своето незадоволство со фактот што само делумно им се овозможени некои од елементарните услови за живот. Тие нагласија дека водата која ја имаат во домовите е неквалитетна за пиење, како и дека електричната енергија е слаба, па често снемува без претходно да бидат информирани. Како резултат на тоа имале случаи со расипување на домаќински апарати.

Како што информираа жителите кои се фокус на истражувањето, во овој дел од градот не е регулирано ни уличното осветлување.

Соговорниците од „Три Багреми" се пожалија дека покрај тоа што лошите услови за животги ставаат во нерамноправна положба, тие не можат да си ги легализираат ни своите домови, поради тоа што не можат да ги набават сите документи.

Интервјуираните жители истакнаа дека најголема помош околу постапката за легализација на нивните домови добиваат од граѓанските организации, кои ги информираат за потребните документи, а неретко им помагаат и при пополнување на различни обрасци.




Фотографија: Ирсан Јашаровски



Фотографија: Ирсан Јашаровски

# ТЕРЕНСКО НАБЉУДУВАЊЕ НА РОМСКИТЕ ЗАЕДНИЦИ КОИ СЕ ФОКУС НА ИСТРАЖУВАЊЕТО

Ромската заедница во Прилеп е главно населена во населбата Тризла, во помали населби - маала попознати како Ново Село, Дебој, Дабнички Завој (со Три Багреми) и Мексико.

Очигледно е дека ситуацијата е најлоша во населеното место Три Багреми, каде што условите за живот не ги задоволуваат ниту најелементарните стандарди. Жителите ги на оваа населба ги немаат ни минималните услови за живот. Нема приклочок за електрична енергија, улиците не се асфалтирани, ниту пак е поставена водоводна мрежа. Во цело маало постои само една чешма, која ја користат сите граѓани од населеното место.

Како последица на фактот дека ромските граѓани кои живеат на оваа локација немаат пристап до електрична енергија и водовод, истовремено им е скратено и правото за поднесување на барање за легализација на своите домови бидејќи не можат да ја достават целокупната предвидена документација за оваа постапка.

Во другите гореспоменати населби може да се забележи дека состојбата е подобра, но далеку од соодветна за домување. Асфалтирани се само поглавните улици, додека на споредните нема поставено асфалт. Кај овие населени места се инсталирани водоводна мрежа и електрична енергија.

Непостоењето на улични контејнери за одлагање на отпадот е исто така голем проблем што во огромна мера влијае на општо лошите хигиенски услови во овие населби. Ова несомнено има влијание и врз општата здравствена состојба на жителите на населбите, особено ако се има предвид нивната ранлива положба (отежнат пристап до други јавни услуги).

# ЗАКЛУЧОК

Од горенаведените анализи на добиените информации и податоци може да се заклучи дека состојбата во која живеат Ромите во општина Прилеп не е воопшто на завидно ниво. Општината се соочува со доста предизвици и нерешени проблеми на ромското население, пред се кога се во прашање елементарните услови за живот. Очигледни се потребите од залагања во прв ред за обезбедување на канализациски систем, електрична енергија, инсталирање на водоводна мрежа, соодветни за достоинствено домување.

Често домувањето е поврзувано конкретно со локацијата каде што поединецот живее. Но домувањето, како еден од најбитните фактори за квалитетот на животот на поединецот е тесно поврзано со сите други аспекти на социо-економскиот развој: образованието, здравството, образованието, развој на заедницата, економската активност и слично.

Кога е во прашање конкретно легализацијата на домовите, фактот што на локациите од градот каде што живеат дел од Ромите во општина Прилеп не се дел од планската документација, им прави дополнителни проблеми на граѓаните, па истите неможат да го легализираат своето живеалиште затоа што таа локација не е регистрирана во деталниот урбанистички план како простор на кој веќе живеат или е планирано да живеат луѓе.

За еден граѓанин да има услови за соодветно домување, освен елементите на минимално домување треба да бидат вклучени и соодветна приватност и простор, физичка достапност, безбедност, конструктивна стабилност и трајност, осветлување, греење и вентилација, основна инфраструктура како што се довод, одвод и собирање на смет, квалитет на околината и фактори поврзани со здравјето, како и пристапност во однос на работата и основните услуги.

# ПРЕПОРАКИ

Ромската заедницата во Прилеп има потреба од асфалтирање на улиците, инсталирање на улично осветлување, обезбедување на електрична енергија и подобрување на квалитетот на истата во деловите каде што веќе е достапна, но е со нестабилен напон.

Исто така, потребно е решение на проблемот со отвореното речно корито, каде во минатото имало појава и на несреќни случаи. Поставување на заштитна ѕидна ограда долж речното корито би го решило овој долгогодишен проблем на жителите од оваа населба.

За подобрување на хигиената на населението е потребно поставување на контејнери во близина, како и редовно чистење на отпадот.

Со овие мерки, ромското население ќе добие барем минимални услови за домување и подобар живот.

Образовните институции во соработкасо локалните власти да посвети повеќе внимание околу образованието на првенствено, на најмладите членови на семејствата. Од образованието зависи стапката на неписменост, која кај Ромите е доста висока.

Несомнено е дека институциите едноставно мора да најдат начин и средства како постапките за легализација да се завршуваат во пократок рок. За овој процес да биде брз и ефикасен тој треба да биде фокус на посебна група од соодветниот сектор, којшто ќе работи во најголема мера на обнова и регистрирање на проблематичните зони од градот во урбанистичкиот план.

Отворена канцеларија во близина на населбата Тризла, во која вработени од Општината ќе им помагаат на жителите, е одлична можност и неопходна помош за секојдневно соочување и разбирање на проблемите на граѓаните кои живеат на оваа локација.

# КОРИСТЕНИ ИЗВОРИ


- Закон за домување, 2012
- Закон за постапување со бесправно изградени објекти, 2011
- Закон за субвенционирање на станбен кредит, 2019
- Национален акционен план за домување 2016 – 2020, Министерство за Труд и Социјална Политика, 2016
- Стратегија за Роми во Република Македонија 2014–2020, Министерство за Труд и Социјална Политика, 2014
- Иднината на Националната Стратегија за Роми, Проект: "Мрежа на Ромски граѓански организации одговор на Ромската заедница", 2014
- Ромите во Република Македонија: Предизвици и нееднаквости во домувањето, образованието и здравствената заштита, Меѓународна група за малцински права, 2018
- Почетна студија за домувањето на Ромите во Општина Прилеп, Хабитат, 2017
- Извештај во сенка – Спроведувањето на Стратегијата за Роми во Р. Македонија за 2017 година, Центар за економски анализи – ЦЕА, Институт за Истражување и Анализи на Политики – Ромалитико, 2018
- Заедницата на Роми во Република Македонија – Состојби и предизвици водомувањето и здравството, Хуманитарно и добротворно здружение на Ромите "Месечина" Гостивар, 2007 N
- European Commission, North Macedonia 2019 Report, 2019, достапен на: https://ec.europa.eu/neighbourhood-enlargement/sites/near/files/20190529-north-macedonia-report.pdf

